РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 0201-1053/3
12.03.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 04.03.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска.

**Други присутни:** Илир Мехдиу, управител на Радио УСКАНА-ПЛУС Кичево.

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 19:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека на седницата ќе се разгледува единствената Точка бр. 3 која се одложи од минатиот пат со наслов „Образложение од Радио УСКАНА-ПЛУС Кичево, за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата“.

**Точка 3**

*Образложение од Радио УСКАНА-ПЛУС Кичево, за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата:*

Претставникот на медиумот Радио УСКАНА-ПЛУС Кичево, г-н Илир Мехдиу се заблагодари за можноста за да ја образложи сегашната состојба со медиумот. Рече дека е информиран за законскиот рок од 30 дена за плаќање на фактурата за годишниот надоместок за дозволата, но не знаеле за неможноста за плаќање со цесија или како физичко лице. Радиото два пати ја платило фактурата, првично со цесија како што уплаќале претходните години, без да ги знаат новините за промена на Законот, а потоа и како физичко лице, но и од двете плаќања парите им биле вратени од страна на Агенцијата, бидејќи Законот дозволува плаќањето да биде само од сметката на радиодифузерот. Објасни дека сметката на РА УСКАНА-ПЛУС е блокирана од страна

на ЗАМП од 2017 година за неплаќање на авторски права, а потоа на ЗАМП на Уставен суд им е поништен Правилникот според кој требало да се плати. Од таа причина радиото прави напори да им се одблокира сметката за да можат пред сѐ да го платат долгот кон Агенцијата. Во таа насока праша дали постои начин во иднина МИОА да даде можност фактурата на Агенцијата да се плати како физичко лице. Информира дека до директорот Трајчевски и до членовите на Советот доставил допис со кој ги информира за состојбата на радиото и барање можност за начинот на плаќање како физичко лице.

Г-дин Петрушевски се изјасни дека дописот го нема добиено.

Г-дин Трајчевски објасни дека начинот на плаќање на фактурата за годишниот надоместок за дозволата за радио и телевизиско емитување не го утврдува АВМУ, ниту МИОА, тоа се Закони што се во доменот на Министерството за финансии. Според тоа на АВМУ и е законски забрането да прима пари со цесија или од физички лица и таа измена во Законот не е нова, можеби е од пред 10 години, но секоја година се одлагаше нејзината примена за да можат тие што имаат блокирани сметки да плаќаат со цесии или пак преку некое физичко лице кое во нивно име ќе ги подмирува долговите. Минатата година пред нејзиниот истек веќе не е одложена примената на Законот и затоа Агенцијата е принудена да постапува така. Објасни дека радиодифузерот започнувајќи од утрешниот ден ќе мора да изнајде начин со ЗАМП да им се одблокира сметката за да може да ја платат фактурата, затоа што по истекот на 30 дена не ќе имаат можност ни по судски пат да ја вратат дозволата. Уште еднаш потенцира дека ваквиот начин на плаќање на фактурата не зависи од АВМУ или од МИОА, тоа е според Закон кој што е донесен многу одамна во парламентот и се однесува за сите правни субјекти, приватни и државни.

Г-дин Петрушевски праша дали тие 30 дена ќе течат од денес или од утрешниот ден кога ќе се потпише одлуката?

Г-дин Трајчевски одговори дека роковите ќе течат од утрешниот ден.

Г-дин Петрушевски објасни дека и директорот Трајчевски и членовите на Советот се лимитирани од страна на Законот и не може да не го почитуваат. Сите заедно пробале максимум да му излезат во пресрет, а исто така и на другите медиуми. Му предложи да се консултира со ТВ Шутел бидејќи тие успеале да се договорат со ЗАМП и ја платиле фактурата.

Претставникот на медиумот Радио УСКАНА-ПЛУС Кичево објасни дека веќе од утрешниот ден ќе се сретнат со одговорни лица од ЗАМП и доколку не успеат да се договорат ќе размислат дали ќе го затворат радиото или ќе продолжат со работа. Праша дали имаат информација дали други институции примаат пари со цесија или од физичко лице, затоа што имал одговор од одредена институција дека кај нив така може да се уплаќа.

Г-дин Петрушевски објасни дека не може да каже како другите работат, можеби тоа зависи и по кој Закон работат.

Г-дин Трајчевски објасни дека овој Закон се однесува за сите компании и приватни и државни, одлуката е дали некој ќе го почитува или не. Тој што дозволува такви плаќања го крши Законот свесно или несвесно. Објасни дека не е само РА УСКАНА – ПЛУС на која е беа вратени парите, имаше и други радиодифузери на кои што мораше да им се вратат средствата.

Г-дин Петрушевски објасни дека парите им беа вратени и на ТВ Шутел, на РА Александар Македонски, истата постапка е, Агенцијата и Советот немаат различен приод кон било кој од медиумите.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе повтори дел од кажаното во дискусијата. Од утрешниот ден ќе почне да тече рокот од 30 дена на РА УСКАНА-ПЛУС за враќање на дозволата. Има примери каде што радиодифузер со постапка пред Управен суд ја има вратено дозволата. Сега рече најважно е прво радио да се договори со ЗАМП за да се одблокира сметката, а потоа постапката пред Управен суд и кај Агенцијата брзо ќе се заврши.

Г-дин Ајдини рече жали што радиото е доведено во ваква ситуација и покрај желбата да се плати фактурата за да продолжат со работа. Пред малку претставникот на радиото кажал дека се блокирани од 2017 година, па го праша дали во меѓувреме оствариле контакти со ЗАМП, дали можеби се спремни за некаков заеднички договор?

Претставникот на медиумот Радио УСКАНА-ПЛУС Кичево одговори дека во текот на утрешниот ден ќе остварат средба со нив, а досега немале потреба бидејќи имало можност да се плаќа со цесија. Објасни дека радиото нема голем прилив на средства, бидејќи во Кичево можностите се мали. Треба да се види дали Законот овозможува бришење на стари долгови или намалување на камати ако се поголеми од долгот. Сигурен е дека Агенцијата ќе постапи согласно Законот, тоа го почитува и се согласува со констатацијата дека Агенцијата и Советот имаат секогаш ист пристап кон сите медиуми во однос на одлучувањето, но сепак се вклучил на седницата за да го испочитува Советот и директорот и покрај тоа што знаел дека ќе се одлучува според Закон. Уште еднаш се изјасни дека ја почитува работата на АВМУ како регулаторно тело и на Советот на Агенцијата.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

______________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**